**20250861882**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработување и работа на странци,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2347/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

Член 1

Во Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ број 217/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 163/21), во член 4 во ставот (1) зборовите: „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“, а зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 2

Во член 5 во ставот (1) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Во ставот (10) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 3

Во член 7 во ставот (8) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 4

Во член 8 во ставот (2) зборовите: „министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во ставот (5) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во ставот (6) зборот „министерството“ се заменува со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 5

Во член 11 во ставот (1) зборовите: „Министерството за култура“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам“, а зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Агенција за млади и спорт“ се заменуваат со зборовите: „Министерство за спорт“.

Во став (2) во алинејата 1 зборовите: „Министерството за култура“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам“.

Во алинејата 2 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во алинејата 3 зборовите: „Агенцијата за млади и спорт“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за спорт“.

Член 6

Во член 16 во ставот (16) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 7

Во членот 17 и во член 18 во ставот (1) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 8

Во член 21 во ставот (3) зборовите: „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија“.

Во ставовите (6) и (7) зборот „Агенцијата“ се заменува со зборовите: „Агенцијата за вработување“.

Член 9

Во член 24 во ставот (2) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 10

Во член 29 во ставот (9) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.